***Република Македонија***
***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02-6817/1***
***28.09.2006 год.***
***С к о п ј е***

# ***ЗАПИСНИК***
## ***од I -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 28.09.2006 година во 13:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Вулнет Ферати, шеф на кабинет во Министерството за здравство-претставник од Министерството за здравство ;*
- *Тони Димовски, раководител на на Сектор-Буџет во Министерството за финансии , претставник од Министерството за финансии;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија;*
- *Д-р сци.Владо Ванковски, доктор на стоматологија, претседател на Стоматолошка комора на Македонија, претставник на Стоматолошка и Лекарска комора на Македонија;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија;*
- *Трајче Леов, генерален директор на ЛЕОВ-КОМПАНИ, претставник на Стопанска комора на Македонија.*

***ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:***

- *Стојан Петревски, началник во Правен сектор;*
- *Елизабета Белазелковска, лице за контакт со јавноста;*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол.*

*Д-р Вулнет Ферати го констатира присуството на сите новоименувани членови на Управниот одбор.*

*Непосредно пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени акти од делокруг на работата на УО на ФЗОМ, за нивно првично запознавање и информирање.*

*Д-р Вулнет Ферати, после меѓусебното запознавање на членовите на Управниот одбор, ја отвори седницата и образложи дека, врз основа на Решение за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр. 33-4461/8 од 26.09.2006 година, донесено од Владата на РМ и, според инструкциите добиени од Владата на РМ, се укажа потребата од што поитно свикување на конститутивна седница на УО, за која* ***го предложи*** *следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

1. *Одлука за утврдување претседател и заменик претседател на УО на ФЗОМ;*
2. *Одлука за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Одлука за формирање комисија за спроведување конкурсна постапка за избор и именување директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно.*

*Управниот одбор* ***го усвои*** *предлог-дневниот ред без забелешки и го донесе следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

1. *Одлука за утврдување претседател и заменик претседател на УО на ФЗОМ;*
2. *Одлука за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Одлука за формирање комисија за спроведување конкурсна постапка за избор и именување директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Одлука за утврдување претседател и заменик претседател на УО на ФЗОМ*

***Д-р Вулнет Ферати*** *образложи дека одлуката за утврдување на претседател и заменик на претседателот на УО на ФЗОМ се носи согласно Законот за здравствено осигурување, член 55 став 3 и дека според истиот, за претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија треба да се именува претставникот на Министерството за здравство, со мандат од една година, а за заменик на претседателот- претставникот на Министерството за финансии, исто така со мандат од една година.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

### ***З а к л у ч о к:***

1. ***Членовите на Управниот одбор за претседател на Управниот одбор на ФЗОМ го именуваа д-р Вулнет Ферати, претставник на Министерството за здравство;***
2. ***Членовите на Управниот одбор за заменик претседател на ФЗОМ го именуваа Тони Димовски, претставник на Министерството за финансии.***

*После утврдување на претседател и заменик претседател на Управниот одбор, претседателот д-р Вулнет Ферати се заблагодари на членовите на Управниот одбор и им посака успешна работа и целосен ангажман.*

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Стојан Петревски на присутните им подели примерок од Одлуката за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, додека текстот за другите одлуки ќе следи.Тој нагласи дека кандидатите можат да аплицираат, со програма за работа, седум дена од денот на објавувањето на конкурсот во печатените медиуми.*

*Одлука за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се донесува врз основа на член 56 став 1 точка 12, а во врска со член 57 од Законот за здравствено осигурување.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ донесе одлука за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***
2. ***Одлуката за распишување конкурс за избор и именување директор и заменик директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се објави веднаш или најдоцна во тек на утрешниот ден(29.09.06) во печатените медиуми.***

***ТОЧКА 3 -*** *Одлука за формирање комисија за спроведување конкурсна постапка за избор и именување директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*М-р Маријана Лончар Велкова сугерираше формирањето на комисијата за спроведување на конкурсната постапка да се одвива согласно член 15 од Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, каде што стои дека неа треба да ја сочинуваат пет члена од редот на вработените во ФЗОМ, од кои еден е претседател.*

*Стојан Петревски образложи дека досегашната практика во Фондот е членовите на комисијата за спроведување конкурсна постапка за избор и именување директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се определат од редот на членовите на Управниот одбор на ФЗОМ, а со оглед на смалениот број на членови, да биде составена од три члена од кои едниот би бил претседател.*

*Д-р Ванковски предложи претседател на комисијата да биде претставникот на Министерството за финансии, Тони Димовски.*

*Трајче Леов го поддржа мислењето за формирање на комисија за спроведување конкурсна постапка од редот на членовите на Управниот одбор, со став неа да ја сочинуваат пет члена и со неа да претседава претставникот на Министерството за финансии.*
*После куса расправа по оваа точка, Уперавниот одбор едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ донесе одлука за формирање  комисија  за спроведување  конкурсна постапка за избор и именување  директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ја сочинуваат пет члена, во состав: Тони Димовски - претседател; д-р сци. Владо Ванковски - член; м-р Маријана Лончар Велкова - член; Трајче Леов - член и д-р Љубиша Каранфиловски - член;***
2. ***Задачата на комисијата е да ја спроведе конкурсната постапка за избор и именување  директор на Фондот за здравствено осигурување и, во врска со тоа, да му поднесе извештај на Управниот одбор на ФЗОМ.***

***ТОЧКА 4 - РАЗНО***

*Д-р Вулнет Ферати, во насока на задоцнетото  зголемување на платите на ЈЗУ за месец август,а  во согласност со Колективниот договор, даде кусо образложение за сериозноста на проблемот кон кого треба да се има аналитички пристап. За таа цел потребна е опширна информација од страна на стручните служби на Фондот.*

*Во оваа дискусија зедоа учество: д-р Љубиша Каранфиловски, којшто нагласи дека се работи за сруктурен  и сериозен проблем, за којшто добро би било да се иницира работна група, составена од членови на двете министерства,  со анализа насочена особено кон делот на обврските кои ја блокираат работата на здравствените установи и кои на некој начин ги  зголемуваат обврските на Фондот; д-р Владо Ванковски, Трајче Леов и  м-р Борис Јосифовски, кој констатираше дека се преземани поголеми обврски отколку што било можно.*

*Д-р Владо Ванковски посочи дека треба да се даде информација за приватизацијата во соматологијата и, по можност,  Министерството за здравство да успори со приватизацијата во секундарниот сектор, а да се продолжи со приватизацијата во примарниот, секако со помош на Светската банка, а Трајче Леов се согласи дека работите тука треба да се дефинираат.*

*Д-р Вулнет Ферати заклучи дека,во делот за зголемување на платите согласно Колективниот договор,  без конкретни податоци не може да се носат констатации.* ***Тој ги задолжи стручните служби, за следната седница на УО што треба да се одржи кон средината на следната недела, да изготват комплетна информација за финансиската состојба на Фондот, особено во делот за зголемување на платите во ЈЗУ според Колективниот договор, со евентуални финансиски  импликации врз работата на Фондот.***

***Исто така, замоли стручните служби да се погрижат на следната седница да им доделат мобилни телефони на членовите на Управниот одбор.***

*Д-р Ферати ги замоли* ***членовите на Управниот одбор за идната седница да подготват и кусо  CB.***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 14:00 часот.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор,*** |
| *Мирјана Масевска* | ***претседател,*** |
| | ***д-р Вулнет Ферати*** |